# ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКИ ДОГОВОР ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА –
# ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРОТОКОЛ 6



## ЦЕФТА Договорни Страни

- Албанија
- Босна и Херцеговина
- Северна Македонија
- Молдавија
- Црна Гора
- Србија
- Косово*

АП6 Протоколот во Северна Македонија беше ратификуван на 9-ти Декември, 2020 со Законот број 291/2020

*Оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на UNSCR и мислењето на МСП за прогласувањето независност на Косово.

## Што е ЦЕФТА?

Централноевропскиот договор за слободна трговија („ЦЕФТА“) е трговски договор кој има за цел:

- Да ја усогласи регулаторната рамка на нејзините Договорни Страни со оние на Европската унија („ЕУ“) и меѓународните стандарди,

- Да ја зајакне трговијата со стоки и услуги, преку елиминирање на трговските бариери меѓу Договорните Страни и привлекување инвестиции во регионот преку фер, стабилни и предвидливи трговски правила.

## ЦЕФТА Дополнителен протокол 6 („АП6“)

АП6 воспоставува рамка за либерализација на трговијата со услуги помеѓу ЦЕФТА Договорните Страни. Тој предвидува отстранување на ограничувањата на трговијата со услуги, олеснување на пристапот на пазарот и елиминирање на дискриминацијата на странските компании од другите ЦЕФТА страни од страна на домашните.



## Но, зошто услуги?

- Трговијата со услуги расте побрзо од стоките.
- Иако услугите директно сочинуваат само околу 1/4 од глобалната трговија, тие придонесуваат за 45% од глобалната трговија во смисла на додадена вредност. Ова е затоа што глобалните синџири на вредност се сè повеќе услужно интензивни.

Сите бизниси можат да имаат корист од АП6 (дури и во земјоделството и индустријата) бидејќи ќе имаат пристап до поефикасни посреднички услуги.

Обврските на АП6 ги либерализираат секторите како што се професионалните услуги (ревизија, архитектура, инженерство, правни, итн.), компјутерските и сродни услуги, телекомуникациите, градежништво, дистрибуцијата, финансиски теуслуги, здравство, образование, туризам и услуги поврзани со патување и транспорт.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ ИСКУСТВА



# СО УСЛУГИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА СО ЦЕФТА АП6

Согласно АП6, бизнисите ќе имаат корист од гарантираниот пристап на пазарот и националниот третман кон другите ЦЕФТА страни, што претставува значителен чекор напред во регионалната соработка. АП6 е важен и за владите и за бизнисите бидејќи има за цел да ја зголеми ефикасноста на ресурсите, да промовира иновации и трансфер на технологија, да обезбеди пристап до поефикасни посреднички услуги, да ги намали цените, да ги прошири опциите на потрошувачите и, генерално, да ги олесни инвестициите и влезот на нови пазари. Благодарение на ЦЕФТА АП6, бизнисите во регионотможе да:

- Уживаат зголемен пристап до нови пазари, да го прошират опсегот на своето делување и да капитализираат врз основа на нивната конкурентна сила
- Изнајдат синергии и потенцијални партнерства со други компании и добавувачи од страните на ЦЕФТА.
- Се запознаат со европските нивоа на либерализација на трговијата со услуги и протокот на работната сила.

**АП6** ја поставува основата за:

- Дозволување на физички лица да вршат услуги на територијата на Страните.
- Отстранување на бариерите во трговијата, како што се барањата за лиценцирање или професионалните квалификации.
- Развивање на програми за взаемно признавање на документи и процедури меѓу Страните.
- Елиминирање на деловните практики на добавувачите на услуги кои може да ја ограничат конкуренцијата и да ја ограничат трговијата со услуги.
- Развивање на регионална електронска трговија.
- Понатамошно продлабочување на регионалната економска интеграција и усогласување со регулаторната рамка на ЕУ.

За да дознаете повеќе за проектот ЦЕФТА АП6 – Поддршка за регионална интеграција, посетете ја:
Support to regional economic integration | CEFTA
CEFTA - Support to regional integration | ITC (intracen.org)

---

Оваа публикација е поддржана од Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа – Надворешна трговија, нарачан од Европската комисија и германското Сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ) и имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ). Содржината на оваа публикација го претставува мислењето на авторот(ите) и не е нужно репрезентативна за позицијата на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH .

International Trade Centre · Co-founded by European Union · german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT · Implemented by giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH · SUPPORT TO REGIONAL ECONOMIC INTEGRATION